**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА**

**ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ**

**НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

# БР. 20



**БИТОЛА**

**2017**

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 20 НА**

**Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ**

**НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА**

**Издавач:**
НУ Завод и музеј Битола

**За издавачот:**
д-р Александар Литовски

**Претседател на редакциски одбор:**
д-р Мери Стојанова

**Технички секретар:**
м-р Јове Парговски

**Членови на редакциски одбор:**
Надежда Георгиева
м-р Ристо Палигора
Енгин Насух
Владо Ѓоревски

**Лектор: Стево Гацовски**

Тираж: 300

# СОДРЖИНА

Александар ЛИТОВСКИ
ПРИЛОГ ЗА ЖИВОТОТ НА ВАСИЛ КОРАИЦОВСКИ, БОРЕЦ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА........ 1

Роберто ТРАЈКОВСКИ
ГЕРМАНСКАТА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА СПРЕМА МАКЕДОНИЈА (1878-1944 ГОДИНА)........ 13

Станимир СТАНЕВ,
ПРЕСВРТОТ ВО СУДБИНАТА НА ЕДЕН БУГАРСКИ ВОЈНИК-АНТИФАШИСТ ЗАПОЧНАЛА ВО БИТОЛА........ 22

Васко ГИЧЕВСКИ
АНАЛИЗА НА НЕКОЛКУ АСПЕКТИ ОД ПОЕДИНЕЧНИОТ ФИСКАЛЕН ПОПИСЕН ДЕФТЕР ЗА БИТОЛСКАТА НАХИЈА 1467-1468........ 30

Никола МИНОВСКИ
ПРЕСТОЈОТ НА ЃОРЃИ СУГАРЕВ, ВО МЕСЕЦ МАРТ 1906 ГОДИНА, ВО КИЧЕВИЈАТА........ 37

Александар СИМОНОВСКИ
ПОЛИЦИСКОТО ДОСИЕ НА МИЛИВОЈ ТРБИЌ КАКО ИЗВОР ЗА ПРОУЧУВАЊЕТО НА НЕГОВИОТ ЖИВОТ И НЕГОВОТО ДЕЛО........ 44

Рубинчо БЕЛЧЕСКИ
ПРИЛЕПЧАНИ, ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО ВО „КРВАВАТА“1942........ 52

Габриела ТОПУЗОВСКА
СОСТОЈБИТЕ ВО ЗДРАВСТВОТО ВО НРМ (1945-1965)........ 64

Мери СТОЈАНОВА
НАРОДНИТЕ ВЕРУВАЊА ЗА ВАМПИРИ ВО БИТОЛСКО, ПОВРЗАНИ СО ТРАГИЧНИТЕ НАСТАНИ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА........ 73

Горан ВАСИЛЕСКИ
ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ СТРУШКО ПОЛЕ ........ 80

Стојанче КОСТОВ
НАРОДНИТЕ ОРА ВО ФИЛМУВАНИТЕ ВИДЕОЗАПИСИ НА НАЦИОНАЛНИОТ ФИЛМСКИ ФОНД НА КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА........ 92

Драгица ЧЕКОРОВСКА
КОПАНИЧАРИТЕ ОД ЗЗН „СТАРИ ЗАНАЕТИ“ ОД НЕГОТИНО........ 99

Лилјана МАКАРИЈОСКА
ЗА РАСТИТЕЛНИОТ СВЕТ ВО МАКЕДОНСКАТА ТРАДИЦИОНАЛНА КУЛТУРА........ 109

Слободан СТОЈКОСКИ
СРЕДНОВЕКОВНО КОПЈЕ ОД ЈЕНИ ЏАМИЈА – БИТОЛА........................................... 122

Роберт МИХАЈЛОВСКИ
ПРИЛОЗИ ЗА УБИКАЦИЈАТА НА СРЕДНОВЕКОВНИТЕ КРЕПОСТИ НА ПЕЛАГОНИЈА И БИТОЛА........................................................................................ 130

Бранислав РИСТЕСКИ
СЛОВЕНСКИ НАОДИ ОД РАНИОТ И ПОЛНИОТ СРЕДЕН ВЕК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.............................................................................................................. 138
.

Душко ТЕМЕЛКОСКИ
СОБРАНИЕ - БУЛЕВТЕРИОН ВО СТИБЕРА.................................................................. 152

Александар МИТКОСКИ
НОВИ СОЗНАНИЈА ЗА ЕНЕОЛИТОТ ВО ПРИЛЕПСКИОТ ДЕЛ НА ПЕЛАГОНИЈА И МАРИОВО.............................................................................................................163

Гоце ВЕЉАНОСКИ
ИСЧЕЗНАТИ СЕЛА ВО ДОЛНА КОПАЧКА................................................................... 180

Оливера МАКРИЕВСКА
ВОДЕНИ СИСТЕМИ – ИНОВАТИВНИ МЕТОДИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА СЛИКАНИ ПОВРШИНИ ВО КОНЗЕРВАЦИЈАТА И РЕСТАВРАЦИЈАТА........................................189

Соња Стрезоска ВЕЛЈАНОВСКА
ОДГЛАСОТ НА СТРАНСКИОТ ПЕЧАТ НА ПОЛИТИЧКАТА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2014-2016 ГОДИНА..........................................................207

Биљана ТЕМЕЛКОСКА
ИЗЛОЖБЕНА ДЕЈНОСТ НА Н.У. ЗАВОД И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП.................................... 227

**327(497.7:430) "1878/1944"**

**Д-р Роберто ТРАЈКОВСКИ ***

# ГЕРМАНСКАТА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА СПРЕМА МАКЕДОНИЈА (1878-1944 ГОДИНА)

**Апстракт**: Ако се истакне дека прочуениот германски канцелар Ото фон Бизмарк пред пратениците во Рајхстагот, во 1876 година, по повод новонастанатата „Источна криза", има истакнато: „За Ориентот не би ги жртвувал коските на ниту еден Померански гренадер"...,[31] Германската Империја, т.н. Втор Рајх (1871-1918 година), подоцна т.н. Вајмарска Република (1918-1933 година) и т.н. Трет Рајх (1933-1945 година), водела надворешна политика во однос на Македонија која била во склад со германските геополитички интереси, меѓутоа, во одредени временски периоди, истата се канализирала и низ призмата на националните и геополитички интереси на моменталните германски воено-политички сојузници. Исто така, германската дипломатија покажувала и интерес и соработувала со ВМРО.

**Клучни зборови**: германска надворешна политика; 1878-1944 година; Македонија.

И покрај интересот на германските македонисти, природонаучници и зоолози, до Источната криза (1875-1878 година), за непосредно обединетата Германска Империја, Македонија претставуваше само уште една егзотична земја на Балканскиот Полуостров, за која германската дипломатија не покажувала посебен интерес.[32] По Берлинскиот конгрес (1878 година), таа била во служба на одржувањето на континенталниот мир и безбедност, односно минимизирање и анулирање на руско-австро-унгарскиот судир на геополитички интереси на Балканскиот Полуостров.[33] Германската Империја, начелно, се залагала за зачувување на „status quo", меѓутоа, евентуално истиснување на османлиите од Балканскиот Полуостров, посебно ако тоа би било во корист на сојузничката Австро-Унгарија, сигурно би одоброволила.[34] Исто така,

---

*Д-р Роберто Трајковски е вработен во СОУ „Таки Даскалот", со адреса Борис Кидрич б.б. Битола, адреса на живеење: Цане Бујуковски бр. 27 Битола. е-пошта: trajkovski.robert@yahoo. com.

[31] Wilhelm Schüßler, *Bismarck, Die gesammelten Werke.* Bd. 11. Berlin, 1929, 476.

[32]Проф. д-р Волф Ошлис, Германската македонистика, пред, во и по Првата светска војна, *Македонија живот и предели*. Македоника, Скопје, 2016, 10-11.

[33]Bjorn Opfer, Im Schatten des Krieges. Besatzung oder Anschluss - Befreiung oder Unterdrückung? Studien zur geschichte kultur und gesellschaft südosteuropas Band 3. LIT Verlag, Münster 2005, 141.

[34]RalfForsbach, Alfred von Kiderlen-Wächter,*(1852-1912). Ein Diplomatenleben im Kaiserreich*. Vandenhoeck & Ruprecht, Göttingen, 1997, 240.,Veit Valentin*, Deutschlands*

најзините дипломатски претставници, пред султанот, ги оправдувале неколкуте реформски програми на другите европски сили кои се однесувале на т.н. македонски вилаети.[35]

Во текот на Балканските војни, надворешно-политичката позиција на Германската Империја беше доста комплексна. Таа, од една страна, се плашеше од потполната дезинтеграција на Османлиската Империја и со тоа и загрозување на сопствените геополитички и финансиски интереси во азискиот дел на империјата. Од друга страна, таа имаш династички и други интереси и во државите од балканскиот сојуз.[36] Истовремено, залагајќи се за локализирање на воените дејствија, нејзе ѝ било јасно, дека, поради воените успеси на балканските армии против османлиската војска, понатамошно зачувување на „status quo“ на Балканскиот Полуостров веќе не било возможно. На крајот, конечниот резултат за неутралната Германска Империја бил позитивен: Османлиската Империја опстанала, со перспектива за преродба во Азија; Османлиската Империја и Бугарија започнале да се зближуваат; словенското единство било разбиено.[37] Како што е познато, со Букурешкиот мировен договор од летото 1913 година, Македонија била поделена меѓу балканските држави.

По започнување на Првата светска војна, посебно по влегувањето Османлиската Империја во војната, на 1 ноември 1914 година, императив на германската надворешна политика на Балканскиот Полуостров станало воспоставување на непречени врски меѓу Централните сили,[38] а поради односот на „непријателска“ Србија и сè уште неутралната Романија.[39] Поради тоа и неуспехот на австро-унгарската војска да се „справи“ со српската и црногорската војска, во последната четвртина на 1914 и првата половина на 1915 година, Австро-Унгарија го прифатила германскиот предлог за заедничка воена операција против Србија.[40]Нешто подоцна, истиот беше запечатен со „Договорот за пријателство и сојуз меѓу

---

*Außenpolitik von Bismarcks Abgang bis zum Ende des Weltkrieges.*Deutsche Verlags-Gesellschaft für Politik und Geschichte, Berlin 1921, 31, 76.

[35]За ова види повеќе: Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, *Сто години од Балканските војни.* Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година. Македонска академија на науките и уметностите. Скопје 2012, 114-115, 117-119.

[36] Björn Opfer-Klinger, 1913 als Kriegsjahr: Südosteuropa und die Balkankriege. *Aus Politik und Zeitgeschichte*. LXIII/2, **Bundeszentrale für politische Bildung.**2013, Bonn, 18., Harald Potempa, German armed forces and the Balkans-Lessens from Southest Europe, *Балкански ратови 1912/1913: Нова виђња и тумачења.*Зборник радова књ. 26. Институт за стратегиска истраживања. Београд, 2013, 239-240.

[37] Veit Valentin, *Deutschlands Außenpolitik...*, 113, 120.

[38]Германската Империја, Австро-Унгарија и Османлиската Империја.

[39] Во почетокот на октомври 1914 година, Романија го забранила транзитот на германски воен материјал, наменет за Османлиската Империја низ нејзина територија.

[40]Holger H. Herwig, *The First World War*. Germany and Austria-Hungary 1914-1918. 2nd Edition. Bloomsbury, London-New Delhi-New York-Sydney, 2014, 158.

Бугарија и Германската Империја и „Воената конвенција меѓу Германија, Австро-Унгарија и Бугарија“, од 6 септември 1915 година, при што, Германската Империја на Бугарија ѝ понудила ревизија на Букурешкиот мировен договор, т.е. анексија на „српска Македонија“, т.е. Вардарскиот дел на Македонија, која тогаш влегувал во составот на Кралството Србија.[41]Нешто подоцна, по успешното завршување на т.н. „Српска кампања“ (*„Serbische Feldzug“*), во првите месеци на 1916 година, бил воспоставен Македонскиот (Солунски) фронт, додека во Македонија се концентрирала германска војска. Како последица на тоа, германската општественост поконкретно се запознала со географските и етнички карактеристики на Македонија, за што посебно треба да се истакне делувањето на воениот геолог д-р Курт Лојкс и „Македонската земска комисија“ (*„Mazedonische Landeskommission“-„Malako“*).[42]

Надворешната политика на Вајмарската Република во однос на Македонија, по Првата светска војна, била поконкретна и посеопфатна. Во неа биле инкорпорирани негативните последици предизвикани за неа од нововоспоставениот Версајски систем на владеење во Европа, по завршувањето на Првата светска војна и одржувањето на Париските мировни договори, како и интересот од политичките и воени активности на ВМРО,[43] што, секако, дека имало ревизионистичка основа.[44] Не помалку значајно било и објавувањето на голем број новинарски статии, монографии, научни статии, публикации и памфлети во врска со Македонија, македонското прашање и дипломатските, пропагандистичките, како и терористичките активности на ВМРО, кои наголемо се експлоатирале од комплетниот политички спектар во Вајмарската Република.[45]

Надворешната политика на Третиот Рајх спрема Македонија, од 1933 година,требало да биде во согласност со т.н. „Меморандум на надворешно-политичкото одделение на НСРПГ[46] во врска со Југоисточна Европа“, кој предвидувалуништување на версајскиот систем на владеењеи

---

[41] Bundesarchiv-Militärarchiv Freuburg im Breisgau Deutshland (понатаму: BAMAF), PH 5-I/78.

[42]„Македонската земска комисија“, била под раководство на истакнатиот германски балканолог Густав Вајганд, а била во состав од 30-тина германски и 6-мина бугарски научници од различни научни области. Проф. д-р Волф Ошлис, Германската македонистика, пред, во и по Првата светска војна, *Македонија живот и предели...*, 9.

[43]Внатрешна Македонска Револуционерлна Организација.

[44] Stefan Troebst, Die „Innere Mazedonische Revolutionäre Organisation“ und die Außenpolitik der Weimarer Republik (1919-1933).*Das makedonische Jahrhundert. Von den Anfängen nationalrevolutionärer Bewegung zum Abkommen von Ohrid 1893-2001.* Ausgewählte Aufsätze.Südosteuropäische Arbeiten, 130. R. Oldenbourg, München, 2007, 85-109.

[45]За ова види повеќе: Stefan Troebst, „Macedonia heroic“ Zum Makedoniar-Bild der Weimarer Republik. *Das makedonische Jahrhundart...*, 111-173.

[46]Националсоцијалистичка-работничка партија на Германија.

создавање на „Нов поредок“ („Neuordnungsplan“), со протежирање на Бугарија, што, исто така, имал ревизионистичка и антидефитистичка основа. Меѓутоа,откако го зацврстил своето политичко и економско влијание во балканските држави (*„Drang nach Sudosten“)*, Третиот Рајх го почитувал нивниот суверенитет и територијален интегритет, истовремено протежирајќи го зближувањето меѓу Кралството Југославија и Бугарија. Ваквата надворешна политика на Третиот Рајх, била посебно карактеристична до потпишувањето на Минхенскиот договор, на 30 септември 1938 година, кога доаѓа до повторно разгорување на бугарскиот ревизионизам.[47] Споменатото значело, дека интересот на Третиот Рајх спрема Македонија првенствено бил од економска и во одредена мера од геополитичка природа.[48] Исто така, Третиот Рајх ја продолжил и ја продлабочил соработката со ВМРО по започнувањето на Втората светска војна.[49]

До нагла смена на надворешната политика на Третиот Рајх спрема Македонија доаѓа по започнувањето Грчко - Италијанската војна, на 28 октомври 1940 година. Италијанскиот воен неуспех, опасно ги загрози веоно-политичките позиции на силите на Оската (Трет Рајх-фашистичка Италија) на Балканскиот Полуостров. Пред опасноста, британската војска да го направи истото, Вермахтот добил задача да изготви воен план за запоседнување на Егејскиот дел на Македонија и Западна Тракија, во кординација со италијанската војска концентрирана во Албанија.[50] Истиот бил изготвен и одобрен до *13 декември 1940 година и бил наречен „Марита“.*[51]

Во меѓувреме, Третиот Рајх презел низа дипломатски активности за стабилизација на Балканскиот Полуостров, во што спаѓало и зацврстување-то на воено-политичките врски со балканските држави, со нивно приклучување кон Тројниот пакт.[52] Во таа насока, откако Унгарија и Романија, на 20, односно 23 ноември 1940 година, станале придружни

[47]За ова види повеќе: D-r Dušan Lukač, *Treći Rajh i zemlje jugoistočne Evrope 1933-1945.*knjiga 1-2. Beograd, 1987.

[48] Данчо Зографски, Македонија во балканската политика на Третиот Рајх. *Гласник на Институтот за национална историја (скратено ГИНИ)* ,XVIII/1, Скопје, 1974, 10., Д-р Марјан Димитријевски, *Политиката на Третиот Рајх кон Македонија 1933-1945 година*. Институт за национална историја (скратено ИНИ), Скопје, 2001, 26-49.

[49]За ова *види повеќе:* Stefan Troebst,Ivan Mihajlov im *türkischen und polnischen Exil (1934-1939/40).Südost-Forschungen. Band XLVI/1987, R. Oldenbourg/München. 186-188.*

[50] Ernst Percy, *Kriegstagebuch des Oberskommandos der Wehrmacht*. Band 1/1. Zusammengestellt und erlautert von Hans-Adolf Jacobsen. Bernard & Graefe Verlag, Munchen, 1982. 144, 150., Walther Hubatsch, *Hitlers Weisungen für die Kriegführung 1939-1945*. Bernard & Graefe Verlag für Wehrwesen, Frankfurt am Main, 1962, 67-71.

[51] Walther Hubatsch, *Hitlers Weisungen für die Kriegführung 1939-1945...*, 81-84.

[52]Тројниот пакт, за пријателство и воена соработка меѓу Третиот Рајх, фашистичка Италија и Јапонија бил птопишан на 27 септември 1940 година.

членки на Тројниот пакт, Третиот Рајх водел тешки преговори истото да го направат Кралството Југославија и Бугарија.[53] Во текот на истите, кои, сепак, завршиле успешно, на двете држави им бил ветен излез на Егејското Море,[54] после што, Бугарија, на 1 март 1941 година и Кралството Југославија на на 25 март 1941 година, станале придружни членки на Тројниот пакт.[55] Меѓутоа, поради демонстрациите и државниот удар во Кралството Југославија од 27 март 1941 година, Третиот Рајх решил воено-политички да го уништи , по што следела Балканската кампања (Balkanfeldzug) на Вермахтот, односно Априлската војна од 1941 година, што резултирала со брза капитулација на Кралството Југославија и Грција.

По завршувањето на Априлската војна во 1941 година, територијалната поделба на Кралстовото Југославија и Грција е извршена во согласност на воено-економските интереси на Третиот Рајх, пришто, до одредена мера биле задоволени и територијалните претензии на фашистичка Италија, Унгарија и Бугарија.[56]Водејќи се од тој принцип, по постигнувањето на спогодбата Рибентроп-Ќано, на 22 април 1941 година, Вардарскиот дел на Македонијаму припаднал на Бугарија и фашистичка Италија, меѓутоа, Третиот Рајх ја здржал воено-економската суprимација во споменатиот простор.[57] Исто така, по потпишувањето на спогодбата Клодиус-Попов, на 24 април 1942 година, Третиот Рајх имал и примат приексплоатацијата на економските добра во споменатиот дел од Македонија.[58]

Во сличен дух била извршена и поделбата на Егејскиот дел на Македонија. Бугарија ја добила територијата меѓу р. Струма, на запад, и

[53]Во истиот временски период, според СС-бригадниот генерал В. Шеленберг, СС-бригадниот генерал Валтер Шеленберг бил началник на VI канцеларијаза странство, при СС-главната служба за безбедност во Третиот Рајх, бил изработен меморандум за формирање на независна македонска држава, од страна на СС-главната служба за безбедност во Третиот Рајх, во случај Кралството Југославија и Бугарија да не станеле придружни членки на Тројниот пакт.Walter Schelenberg, *Memoari*. Biblioteka Vremeplov. August Cesarec-Zagreb, Zagreb, 1985, 274.

[54]Кралството Југославија во просторот на Солун, додека Бугарија, во просторот меѓу реките Струма и Марица.

[55] Витка Тошкова, *България и Третият Райх (1941-1944)*. Политички отношения. Наука и искуство, София, 1975, 36.,Documents on German foreign policy 1918-1945. Series D (1937-1945). Volume XII. The War Years. Док. бр. 114, 203-204., Velimir Terzić. *Slom Kraljevine Jugoslavije 1941.*Uzroci i psledice poraza.Knjiga1 tom 1-2. Narodna knjiga, Beograd, 1982, 288-294, 583-584.

[56] *Branko Petranović*, Istorija Jugoslavije 1918-1988. Druga knjiga. Narodnooslobodilački rat i revolucija. 1941-1945. Nolit, Beograd, 1988, 26-27.

[57] Марјан Димитријевски, Интересот на Третиот Рајх кон Југоисточна Европа и Македонија во периодот 1933-1945 година, *ГИНИ*, XXXXIII/1999, Скопје, бр. 1, 56.

[58] За спогодбата Клодиус-Попов види повеќе: Витка Тошкова, *България и Третият Райх (1941-1944)…*, 55-56.

устието на р. Марица, на исток, со островите Тасос и Самотрики. Костурско, дел од Кожанско и западните делови од Леринскиот округ ги добила фашистичка Италија. Централниот дел, со Солунско, Кукушко, Гуменеџиско, Воденско, Берско, Катеринско и најголемиот дел од Леринско, се ставени под јурисдикција на новоформираната грчка колаборационистичка влада, меѓутоа фактичката власт ја имал Третиот Рајх. Наведената поделба, како и поделбата на Вардарскиот дел на Македонија, била верификувана на конференцијата што се одржала на 21 и 22 април 1941 година во Виена,на која учество ќе земат министерот за надоврешни работи на фашистичка Италија, грофот Галеацо Ќано и министерот за надворешни работи на Третиот Рајх,  кој ги застапувал и бугарските интереси.[59]

До одредена модификација на надворешната политика на Третиот Рајх спрема Македонија дошло во почетокот на 1943 година, што било последица од поразите на Вермахтот во  Северна Африка и Источниот фронт, во крајот на 1942 и почетокот на 1943 година,кои биле главна причина за влошување на германско-бугарските односи.[60] Соработката со ВМРО била интензивирана, па дури се размислувало,при евентуалната смена на воено-политичкиот курс на Бугарија, со нејзина поддршка да ја задржиконтролата врз географската област Македонија, со акцент на Егејското крајбрежје.[61] Истовремно, поради недостиг на оперативни единици, Вермахтот дал одобрение за проширување на бугарската окупациона зона во Егејскиот дел на Македонија, што било потврдено на состанокот меѓу цар Борис III и А. Хитлер, што се одржал на 3 јуни 1943 година во Салцбург. На истиот состанок било разговарано и за понатамошно проширување на бугарската окупациона зона во Егејскиот дел на Македонија, се до р. Бистрица, вклучително Солун и полуостровот Халкидик.[62]

По капитулацијата на фашистичка Италија, Третиот Рајх, незадоволен од негативниот став на Бугарија да ангажира две дополнителни бугарски дивизии во Егејскиот дел на Македонија, евентуално Албанија, го анулирал нејзиното барање за поместување на демаркационата линија

---

[59] Dr Dušan Lukač. *Treći Rajh i zemlje jugoistočne Evrope 1941-1945.* Treći deo. Vojnoizdavački i novinski centar-Beograd, Balkanološki institut Srpske Akademije Nauke i Umetnosti, Beograd, 1987, 35-39., Д-р Марјан Димитријевски, *Политиката на Третиот Рајх кон Македонија 1933-1945 година…*, 59-62.

[60] Витка Тошкова, *Бъгария и Третият Raйх (1941-1944)…*, 106-128.

[61] Георги Даскалов, *Участта на Българите в Егейска Македония  1936-1946,* София, 1999, 518.; Данчо Зографски, Македонија 1940-1943 год. според некои германски документи. *ГИНИ XV*/1, Скопје, 1971, 21.

[62] *Akten zur deutchenAuswärtigenpolitik 1918-1945.* Serie E: 1941-1945. Bande VIII. 1. Mai 1944 bis 8. Mai 1945. Vandehoeck & Ruprecht, Göttingen,  1979, док. бр. 82, 140.

во западните делови на Македонија.[63] Следело дополнително влошување на германско-бугарските односи, поради што, Третиот Рајх започнал да се стреми конформирање на влада со претставници на најекстремните националистички и фашистички групации во Бугарија, сметајќи, дека тие ќе ги прифатат максималистичките барања на Третиот Рајх, посебно во врска со ангажирањето на Бугарија во војната.[64] Истовремено, од страна на Третиот Рајх, незабележан не останал уште еден политички и воен фактор на македонската сцена. Се работело за Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија, на чело со Комунистичката партија на Македонија.[65]

Во летото 1944 година, Балканскиот Полуостров се нашол во сендвич меѓу Источниот фронт и Италијанскиот фронт. Брзината на менувањето на настаните на фронтовите во корист на антихитлеровската коалиција придонело за колебливото однесување на балканските сојузници на Третиот Рајх, кој презел низа воено-политички мерки, па дури, во крајот на август и почетокот на септември 1944 година, безуспешен обид за создавање на „независна македонска држава". Во планот ВМРО заземала централно место и во дадената ситуација, ставот на профашистичките сили во Бугарија, во смисла да го прифатат нејзиниот примат, бидејќи се надевале дека со еден удар однадвор ќе успеат да го пренасочат воено-политичкиот курс на владата во Софија, која непосредно пред 8 септември 1944 година, се обидувала да склучи сепаратен мир со западните сојузници.Според германскиот историчар Стефан Требст, планот за создавање на „Независна Македонија", бил поткрепен и од надежта дека ВМРО, преку Македонската патриотска организација, ќе издејствува признавање на државата од страна на Соединетите Американски Држави.[66]

Последниот обид на Третиот Рајх да реализира одредени воено-политички интереси во Македонија, истовремено да ја казни отечественофронтовска Бугарија, бил направен во есента-зимата 1944 година, по

---

[63]За ова види повеќе: Николай Кочанков, *От надежда към покруса: Западна Македония в българската външна политика (1941-1944).*Херон Прес, София 2007, 169-175.

[64] *Akten zur deutchen Auswärtigen politik 1918-1945*. Serie E: 1941-1945. Band VI. Mai 1943 bis 30. док. бр. 249, 440.

[65]За ова види повеќе: Марјан Димитријевски,*Третиот Рајх и Македонија 1941-1945*. документи. том 1. книга 1. избор, редакција, воведни напомени и коменатари: д-р Марјан Димитријевски. ИНИ, Скопје, 1996, Док. бр. 39, 94-101.

[66] За неуспешниот обид за создавање на „независна македонска држава" види повеќе: М. Димитријевски, *Политиката на Третиот Рајх кон...,* 86-119.; Марјан Димитријевски, Обидот на Ванчо Михајлов за создавање на „Независна Македонија" 1944 година., Зборник*: Македонската историска наука-достигнувања и проблеми*. Прилози од научниот собир одржан во Скопје на 17-19 ноември 1998 година. По повод 50-годишнината од работата на ИНИ, Скопје, 2000, 309-329.; Штефан Требст, Наредбата на Адолф Хитлер..., *ГИНИ*, XLVI/2, Скопје, 2002, 25-39.

издавањето на директиватаза формирање на т.н. „Бугарска ослободителна армија“, за борба против Црвената армија и Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија.[67] Во тој контекст, како иделувањето на бугарската емигрантска влада на чело со бугарскиот нацистички симпатизер Александар Цанков, во Виена, со асистенција на СС,[68] се одржале и две средби на припадници на ВМРО и „Ратници за напредок на бугарштината“[69] од Македонија. На втората средба дури било предложено формирање на „Македонска ослободителна армија“, која требало да претставува симбол на соработката на Македонците во емиграција со Третиот Рајх.[70]

**Conclusion**

The German Empire (1871-1918), later named as Waimar Republic (1918-1933) and Third Reich(1933-1945),lead foreign affair policy towards Macedonia, which was inaccordance with the german geopolitical interests. However in certain periods of time it depended on the national and geopolitical interests of the instantaneous german military and political allies. At the same time, the german diplomacy, showed showed interest and cooperatedwith Internal Macedonian Revolutionary Organization.

**Библиографија**

Valentin Veit, *Deutschlands Außenpolitik von Bismarcks Abgang bis zum Ende des Weltkrieges.* Deutsche Verlags-Gesellschaft für Politik und Geschichte, Berlin 1921;

Димитријевски д-р Марјан, *Политиката на Третиот Рајх кон Македонија 1933-1945 година*. Институт за национална историја (скратено ИНИ), Скопје, 2001, 26-49;

[67] *Akten zur deutchenAuswärtigenpolitik 1918-1945.*Serie E: 1941-1945. Bande VIII/1. Mai 1944 bis 8. Mai 1945, док. бр. 206, 449.

[68]СС (SS)е кратенка од „Schutzstaffel“ (заштитни одреди) и била најмоќната и најмасовната организација на Национал-социјалистичката работничка партија во Третиот Рајх.

[69] За дејноста на оваа бугарска фашистичка организација, со свои ограноци и во Македонија, види повеќе: Ѓорѓи Малковски, *Профашистичките и колаборационистички организации и групи во Македонија 1941-1945 година.* ИНИ, Скопје, 1995, 59-67.

[70] Јован Павловски, *Судењето како последен пораз*, Тетово, 1966, 188.

Lukač D-r Dušan, *Treći Rajh i zemlje jugoistočne Evrope 1933-1945.*knjiga 1-2. Beograd, 1987;

*Treći Rajh i zemlje jugoistočne Evrope 1941-1945.* Treći deo. Vojnoizdavački i novinski centar-Beograd, Balkanološki institute Srpske Akademije Nauke i Umetnosti, Beograd, 1987;

Opfer Bjorn, Im Schatten des Krieges. Besatzung oder Anschluss - Befreiung oder Unterdrückung? Studien zur geschichte kultur und gesellschaft südosteuropas Band 3. LIT Verlag, Münster 2005.

Ошлис проф. д-р Волф, Германската македонистика, пред, во и по Првата светска војна, *Македонија живот и предели*. Македоника, Скопје, 2016;

Тошкова Витка, *България и Третият Райх (1941-1944)*. Политички отношения. Наука и искуство, София, 1975;

Troebst Stefan,
*Das makedonische Jahrhundert. Von den Anfängen nationalrevolutionärer Bewegung zum Abkommen von Ohrid 1893-2001.* Ausgewählte Aufsätze.Südosteuropäische Arbeiten, 130. R. Oldenbourg, München, 2007, 85-109;

Ivan Mihajlov im *türkischen und polnischen Exil (1934-1939/40).Südost-Forschungen. Band XLVI/1987, R. Oldenbourg/München;*

HubatschWalther, *Hitlers Weisungen für die Kriegführung 1939-1945*. Bernard & Graefe Verlag für Wehrwesen, Frankfurt am Main, 1962.